**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Сто и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 јуни 2005 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше претседателот на Собранието на Република Македонија, господинот Љупчо Јордановски.

**Љупчо Јордановски:** Дами и господа пратеници ја отворам 101-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците:Зоран Крстевски, Љупчо Мешков, Гзим Остреми, Ангелка Пеева Лауренчиќ, Цветанка Иванова, Ванчо Георгиев, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Сашко Кедев, Петар Наумовски и Али Ахмети, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Уште еднаш ги молам пратениците да во салата.

Додека се собере кворумот би сакал да ги известам пратениците и службите дека во тек е акција на крводарителство и секој кој што има желба ова хумана активност на некој начин се покаже може да даде  во просториите на амбулантата крв.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници.

Ве молам да притиснете на едно од копчињата на системот за гласање, да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Притиснале 53 пратеника, а присутни се во салата 62 пратеника. И точно се 62, бидејќи сега кога ги броевме беа 62.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, преседателот на Републичкиот судски совет, и претседателот на Основниот суд во Струга.

Записниците од 96-та седница на Собранието на Република Македонија и 100-та седница на Собранието ви се доставени.

Дали има забелешки на записниците? (нема)

Констатирам дека записниците од 96-та и 100-та седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Согласно член 101 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, констатирам дека на починатиот Орданчо Тасев му престана мандатот пратеник во Собранието на Република Македонија.

Бидејќи Орданчо Тасев беше избран од листа на кандидати, потребно е ДИК да го извести Собранието за кандидат од оваа листа на кој треба да му се верифицира мандатот за пратеник, согласно член 102 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе законот за именување и дополнување на Закон за внатрешни работи.

Предлогот на Владата ви е поделен. Молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста на овој закон да се донесе по итна постапка.

Има збор претседателот на Владата на Република Македонија, господинот Владо Бучковски.

**Владо Бучковски:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

За да може од 1 јули оваа година кога ќе започне процесот на децентрализација да биде допрецизиран начинот на избор на раководителот на подрачната единица МВР, како што пишува во Законот за локална самоуправа и во досегашниот Зкон за внатрешни работи, допрецизираме два члена со кој го правиме можен овој избор, кој досега според законските решенија, ако не се направат неопходните измени, не може да се примени во процесот на децентрализација. Затоа бараме на денешната седница каде што се другите три посебни закони неопходни да започне успешно децентрализацијата да се гледа и овој закон за измени и дополнувања на Законот за внатрешни работи.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 56 гласале за, 1 воздржан, 4 против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага на оваа седница да се разгледаат Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката за изменување на Одлукатата за избор на членови и заменици членови на делегацијата на Собранието на Република Македонија во Параламентарното собрание на Советот на Европа и Предлогот на одлука за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка.

Заради рационалност претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ќе ги образложи сите предлози, а

гласањето ќе го извршиме за секој предлог одделно.

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да ја образложи основната и неодложна потреба овие предлози да бидат разгледани на оваа седница.

Има збор претседателот на Комисијата, господинот Каме Петров.

Повелете господине Каме.

**Каме Петров:** Благодарам господине претседателе.

За денешната 101-ва седница на Собранието на Република Македонија предлагаме да се вградат во итна постапка уште три точки во дневниот ред. Во прашања се како што рековте, Предлог на одлуки за избор на работни тела на Собранието, односно одлуки, како и за избор на шест членови и заменици на делегации на Собранието за соработка со европските институции и со парламентите на трети земји.

Со самата итност во постапката, како Комисија најаргументирано ја демантираме дезинформацијата за наводно доцнење на овие постапки. Напротив, на минатата седница, како што е познато, се констатираа досегашните и новите мандати на пратеници и веднаш на наредната седница, значи денес треба да се изберат новите состави на овие делегации. Основната и неодложна потреба произлегува и од одредбите на Деловникот на Собранието на Република Македонија.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката за изменување на одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, 61 гласале за, нема воздржан, 2 против.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката за изменување на одлуката за избор на шеф, членови и заменици на членовите на делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 59 гласале за, 1 воздржан, 2 против.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката за изменување на одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеника, 56 гласале за, нема воздржан, 1 против.

Во салата се присутни 72 пратеника.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог за именување директор на Дирекцијата за заштита на личните податоци.

Предлогот ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи итната и неопходна потреба да биде разгледан на оваа седница.

Има збор, претседателот на Владата на Република Македонија, господин Владо Бучковски.

Повелете.

**Владо Бучковски:** Намерата на Владата е ако Собранието го прифати изборот на директорот, Дирекцијата да започне со работа од 1 јули. Затоа бараме на оваа седница да биде избран директорот на еден од новите институции, која треба да го хармонизира нашето уредување на Државната управа, според европските стандарди.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Предлогот на Владата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 60 за, 1 воздржан, 3 против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог за избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија;

2. Предлог за избор на претседатели на основните судови во Крива Паланка и Свети Николе;

3. Предлог за избор на судии во основните судови во Кочани, Радовиш, Струмица и Тетово;

4. Предлог за избор на судии поротници во Основниот суд во Струга;

5. Предлог за именување директор на Дирекцијата за заштита на личните податоци;

6. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;

7. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици на членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Параламентарното собрание на Советот на Европа;

8. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка;

9. Предлог на закон за животна средина;

10. Предлог на закон за парничната постапка;

11. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи;

12. Предлог на закон за ученички стандард;

13. Предлог за донесување на закон за просветната инспекција, со Предлог на закон;

14. Предлог на закон за градење;

15. Предлог на закон за просторно и урбанистичко планирање;

16. Предлог за донесување на закон за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија, со Предлог на закон;

17. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на сведоци, со Предлог на закон;

18. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за правата на прогонуваните и затвораните лица за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и на членовите на нивните семејства, со Предлог на закон;

19. Иницијативата за собирање 150000 потписи на избирачи за распишување на законодавен (дополнителен) референдум, за преоценување на Законот за преобразба на Електростопанство на Македонија - Акционерско друштво за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија во државна сопственост.

Дали има некој предлог за изменување или дополнување на предложениот дневен ред?

Повелете господине Караџоски, имате збор.

**Жарко Караџоски:** Господине претседателе, ако добро ве слушнав како го читавте дневниот ред, мислам дека Предлогот за донесување закон за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија, со Предлог на закон го кажавте како 16-та точка. Мојот предлог или поточно предлогот на нас како пратеничка група е тоа што бараме оваа точка да биде повлечена од дневниот ред. Поточно да не биде ставена во дневниот ред, од прости причини што сметаме дека овој закон прво не држи уставен основ, а и начинот на кој што се предлага и она што имаме овде можност да го видиме е спротивно од она што сметаме дека е договорено во Рамковниот договор. Од тие причини за да се дојде до подобри решенија, наш предлог е, тука е и Владата, да го повлече овој закон, да даде време да имаме дополнително време, каде што можеме со дополнителни консултации да дојдеме до подобро решение.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Јас не слушнав по кој член од Деловникот?

**Жарко Караџоски:** Ако сме во судница ќе кажам и по кој член. Не сме во судница, во Парламент сме. Имам право да побарам да се повлече точка од дневен ред. Ако нешто не ви е јасно тука е секретарот, нека ви објасни.

**Љупчо Јордановски:** Затоа што имавте пракса порано да ми кажувате по тој и тој член, не работам. Затоа сега ве прашав по кој член.

Во секој случај предлогот на господинот Караџоски да се повлече точката во врска со симболите, се извинувам, за употреба на знамињата, која што е точка 16, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, 12 гласале за предлогот, 2 се воздржале, 55 гласале против.

Констатирам дека Предлогот не е усвоен.

Дали има некој друг во врска со дневниот ред? (Нема).

Бидејќи нема друг, ве повикувам да гласаме.

Гласале 71 пратеник, 61 за, нема воздржан, 10 против.

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Дали има некој забелешки околу измената на редоследот на точките на дневниот ред? (Нема).

Значи, овој дневен ред што го усвоивме сега е конечен дневен ред по кој што ќе работиме.

Ги молам службите да го испечатат и да го поделат.

Повелете господине Краљевски процедурално.

**Чедомир Краљевски:** Господине претседателе барам еден час пауза, во името на пратеничката група на ВМРО Народна партија, за да може за тоа време, подобро да го проучи Предлог законот за донесување по итна постапка законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи, кој ни е доставен непосредно пред почетокот на оваа седница и да ги средиме некои амандмани, кои исто така, сега ни се доставени, во врска со точките од дневниот ред. Тоа е барањето. Ваше е да ни дадете и колку ќе ни дадете.

**Љупчо Јордановски:** Предлагам еден час пауза.

(Пауза од 11,30 часот).
(По паузата седницата продолжи во 12,30 часот.

По паузата со седницата продолжи да раководи потпретседателот Слободан Најдовски).

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со седницата после паузата побарана од ВМРО-Народна партија.

Ги повикувам сите пратеници што се во Собранието да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Уште еднаш ги повикувам пратениците кои се во просториите на Собранието да влезат во салата.

Имаме евидентирано дека 90 пратеници се присутни на денешната седница, кои на

почетокот на седницата го пријавиле своето учество.

Уште еднаш молам службите да го утврдат точниот број  на присутни пратеници во салата, бидејќи координацијата завршила.

Можеме да продолжиме со работа.

**Минуваме на точката 1 - Предлог за избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Констатирам дека нема пријавени за збор и го заклучувам претресот.

Предлогот Владимир Атанасов да биде избран за судија на Врховниот суд на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 63 пратеници, гласале 55, 54 пратеници гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Владимир Атанасов е избран за судија на Врховниот суд на Република Македонија.

**Минуваме на точката 2 -Предлог за избор на претседатели на основните судови во Крива Паланка и Свети Николе.**

Предлогот за избор ви е доставен.

Отворам претрес по предлогот Виолета Наумовска да биде избрана за претседател на Основниот суд во Крива Планка.

Молам, кој бара збор?

Констатирам дека нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Виолета Наумовска да биде избрана за претседател на Основниот суд во Крива Паланка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Молам, пратениците да седат на своите места, со оглед дека едни влегуваат, други излегуваат, може да дојде до забуна при гласањето.

Молам прво службите  да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата во моментот на гласањето имаше 65 пратеници. Од нив гласале 58, 20 гласале за, 1 воздржано, 37 против.

Констатирам дека Виолета Наумовска не е избрана за претседател на Основниот суд во Крива Паланка.

Процедурално бара збор господинот Краљевски Чедомир.

Повелете господине Краљевски.

**Чедомир Краљевски:** Благодарам потпретседателе.

Дали не ве слушнав добро, колку рековте дека биле во моментот на гласањето присутни во салата, 60 или 61?

**Слободан Најдовски:** 65 пратеници.

**Чедомир Краљевски:** Добро, во секој случај повторно сакам принципиелно да го изнесам ставот на пратеничката група на ВМРО-Народна партија.

Имено, и сега се случува нешто што се случуваше и минатиот пат кога на дневен ред беа избори на судии односно кандидати за претседатели на судови, односно судови предложени од Републичкиот судски совет. Уште еднаш го кажувам јавно ставот на пратеничката група ВМРО-Народна партија. Имено, ако при гласањето за предлог кандидатот предложен од институцијата единствено надлежна за таа работа, а тоа е Републичкиот судски совет, пратеничката група има против, тогаш јавно ќе го каже ставот, јавно ќе се произнесе во што се состои тоа против одреден кандидат. Во спротивно ќе гласаме секогаш позитивно за предложените кандидати од Републичкиот судски совет. Така и овој пат се случи, ние гласавме за.

**Слободан Најдовски:** Влагодарам господине Краљевски, но не гледам во што е процедуралната забелешка, освен објаснување како гласавте, а право е на секој пратеник како ќе се произнесе и како ќе гласа.

Отворам претрес по предлогот Димче Поцков да биде избран за претседател на Основниот суд во Свети Николе.

Молам, кој бара збор?

Констатирам дека нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Димче Поцков да биде избран за претседател на Основниот суд во Свети Николе го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеници, од кои 52 гласале за, 2 воздржано, нема против.

Молам службите повторно да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата, при што ќе ги броите пратениците Караџоски и Оровчанец кои во моментот на гласањето беа присутни во салата.

Сега во салата се присутни 63 пратеници и плус двајцата пратеници кои беа присутни во моментот на гласањето, значи 65 пратеници, гласањето е валидно.

Констатирам дека Димче Поцков е избран за претседател на Основниот суд во Свети Николе.

**Минуваме на точката 3 - Предлог за избор на судии во основните судови во Кочани, Радовиш, Струмица и Тетово.**

Предлогот за избор ви е доставен.

Отворам претрес по предлогот Сузана Спасова да биде избрана за судија на Основниот суд во Кочани.

Молам, кој бара збор?

Констатирам дека нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Сузана Спасова да биде избрана за судија на Основниот суд во Кочани го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 63 пратеници, од кои гласале 53 пратеници, 47 за, 2 воздржано и 4 против.

Констатирам дека Сузана Спасова е избрана за судија на Основниот суд во Кочани.

Отворам претрес по предлогот Гоце Спасов да биде избран за судија на Основниот суд во Кочани.

Молам, кој бара збор?

Констатирам дека нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Гоце Спасов да биде избран за судија на Основниот суд во Кочани го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 63 пратеници, 15 пратеници гласале за, 1 воздржано, 40 против.

Констатирам дека Гоце Спасов не е избран за судија на Основниот суд во Кочани.

Отворам претрес по предлогот Лилјана Мартинова да биде избрана за судија на Основниот суд во Радовиш.

Молам, кој бара збор?

Констатирам дека нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Лилјана Мартинова да биде избрана за судија на Основниот суд во Радовиш го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 64 пратеници. Од нив гласале 54 пратеници, 52 за, 1 воздржано, 1 против.

Констатирам дека Лилјана Мартинова е избрана за судија на Основниот суд во Радовиш.

Отворам претрес по предлогот Лорета Абрашева да биде избрана за судија на Основниот суд во Струмица.

Молам, кој бара збор?

Констатирам дека нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Лорета Абрашева да биде избрана за судија на Основниот суд во Струмица го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присуни 64 пратеници, гласале 54 пратеници, 53 пратеници гласале за, 1 воздржано, нема против.

Констатирам дека Лорета Абрашева е избрана за судија на Основниот суд во Струмица.

Отворам претрес по предлогот Зоран Герасимовски да биде избран за судија на основниот суд во Тетово.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Томиќ Зоран.

Повелете господине Томиќ.

**Зоран Томиќ:** Благодарам потпретседателе.

Ќе кажам многу кратко. Во оваа прилика би сакал да го пофалам Републичкиот судски совет, затоа што последните два избори не само што станува збор за квалитетни и млади стручни кадри кои цело време ја обавувале на одреден начин стручната функција во Основниот суд во Тетово, туку последните два избори беа во Основниот суд Тетово од етничките албанци, така што гледам дека преку овој предлог на Републичкиот судски совет се запазува таа правична застапеност и навистина за овој предлог барам едногласна поддршка.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Томиќ.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Зоран Герасимовски да биде избран за судија на Основниот суд во Тетово го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 65 пратеници, гласале 54 пратеници, од кои 52 за, 1 воздржано и 1 против.

Констатирам дека Зоран Герасимовски е избран за судија на Основниот суд во Тетово.

**Минуваме на точката 4 - Предлог за избор на судии поротници на Основниот суд во Струга.**

Предлогот и дописот на претседателот на Основниот суд во Струга ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Констатирам дека нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за избор на судии поротници во Основниот суд во Струга го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 66 пратеници, од нив гласале 52 за, 51 за, 1 воздржано, нема против.

Констатирам дека за судии поротници во Основниот суд во струга се избрани прдложените кандидати.

**Минуваме на точката 5 - Предлог за именување директор на Дирекцијата за заштита на личните податоци.**

Предлогот ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Констатирам дека нема пријавени за збор, го заклулчувам претресот.

Предлогот Маријана Марушиќ да биде именувана за директор на Дирекцијата за заштита на личните податоци го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

**О**д присутни 66 пратеници во салата гласале 48, од кои 45 за, 2 воздржани, 1 против.

Констатирам дека Маријана Марушиќ е именувана за директор на Дирекцијата за заштита на личните податоци.

**Минуваме на точката 6. - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Чедомир Краљевски.

**Чедомир Краљевски:** Благодарам потпретседателе. Јас и на Комисијата за избор и именување го кажав мојот личен став, а сега сакам овде и заради Собранието и заради целата македонска јавност да изнесам некои мои дилеми во врска со оваа точка од дневен ред, односно со овој предлог на Комисијата за избор и именување.

Имено, предлогот е господинот Љубе Бошковски кој е актуелен претседател на Комисијата за контрола на државната безбедност и контраразузнавање да биде сменет од таа функција како претседател и да биде само обичен член, а на негово место да дојде друг, што е сега заменик односно член.

Мојата дилема е во тоа што малку е во контрадикција избран тајмингот со постапките на Владата и на целата македонска јавност, вклучително и на Собранието. Имено, пред неколку дена Владата поднесе до Хашкиот трибунал гаранции за господинот Љубе Бошковски да се брани од слобода. Сметам дека избраниот тајминг за оваа смена на господинот Љубе Бошковски е во незгодно време, бидејќи на некој начин ја прејудицира можеби ќе влијае врз одлуката на Хашкиот трибунал за да го пушти господинот Љубе Бошковски да се брани на слобода. Имено, на таков начин самите кажуваме дека еве господинот Љубе Бошковски треба да биде сменет од таа функција, бидејќи знаеме се наоѓа моментално во затворот Шевенинген. Дали не беше подобро да се размислува дека Хашкиот трибунал евентуално ќе ја прифати, а би рекол со голема веројатност ќе ја прифати понудата Љубе Бошковски да се брани од слобода, па Љубе Бошковски, како сите го третираме овде, вклучително и позицијата и претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања господинот Кондарко, сите на глас овде велиме дека на господинот Љубе Бошковски не му е земен имунитетот. Тоа претпоставува дека ако биде пуштен да се брани од слобода од Хашкиот трибунал, тој ќе си дојде во Македонија, ќе си го заземе своето место во овие пратетнички клупи и ќе си ја врши, меѓу другото, функцијата претседател на Комисијата за контрола на службата на државна безбедност и контраразузнавање.

Значи, ние прејудицираме на негативен начин една одлука која сите желно ја очекуваме од Хашкиот трибунал пратеникот Љубе Бошковски да го пушти да се брани од слобода и тој да дојде овде да си го заземе местото во ова Собрание и да си ја обавува функцијата и пратеник и претседател на работно тело на Собранието.

Малку ми изгледа нелогично ваков предлог од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, бидејќи едноставно избраниот тајминг значи во моментот кога е пуштено барање од Владата да се брани Љубе Бошковски од слобода, ние го менуваме од претседател на работно тело. Таа пратеничка група предлага да биде променет Љубе Бошковски од таа функција.

Во таа смисла не ја гледам логиката на овој предлог и затоа пратеничката група на ВМРО-Народна партија ќе биде против овој предлог.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Краљевски.

Повелете госпоѓо Бонева реплика од три минути.

**Силвана Бонева:** Благодарам господине потпретседателе, почитуван господине Краљевски, мислам дека воопшто не треба на ова прашање да се осврнувате, има согласност од господинот Љубе Бошковски да биде претседател на Комисијата господинот Ефтим Манев, се со цел да не биде блокирано работењето на Комисијата, а моментот кога господинот Љубе Бошковски ќе се врати во ова Собрание, веднаш ќе биде повторно именуван од наша страна за претседател на Комисијата и токму заради тоа мислам дека воопшто не држи вашето укажување и сметам дека од тоа не треба да се прави политички маркетинг.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Има збор пратеникот Блаже Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Почитуван потпретседателе, јас се надевам дека претседателот на Комисијата за избор и именување господинот Каме Петров ќе даде образложение за причините за носењето на ваква одлука од страна на оваа Комисија, меѓутоа, после моето излагање може тоа да го каже.

Мене ме чуди друга работа. Читајќи го образложението за оваа одлука која е предложена на дневен ред навистина не ми е јасно, ако веќе барањето го доставиле координаторите на пратеничките групи, значи координаторите на пратеничките групи на СДСМ, на ВМРО ДПМНЕ и на ДУИ бараат измена на персоналниот состав на комисиите и во оваа Комисија за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање, предлагаат промена на претседателот на Комисијата и Агенцијата со заменик претседател.

Основната причина која треба да ја има наведено предлагачите односно барателите или комисијата која ја донела оваа одлука треба да види кој е проблемот што настанал од досегашното работење на господинот Љубе

Бошковски како претседател на оваа комисија и да образложат потребата зошто во овој момент е неопходна оваа измена особено во контекст на тоа што ако имате, а сите ние знаеме дека проблемот многу подолго постои, фактички од формирањето на овој Парламент во Комисијата за труд и социјална политика која не заседава заради тоа што има проблем со водењето на таа комисија од страна на нејзиниот претседател заради неусогласеноста на Деловникот за работа на Собранието и Уставот на Република Македонија, а во овој случај експресно се носи одлука за промена на претседателот на Комисијта господинот Љубе Бошковски.

Сметам дека најмалку што може да направи претседателот на Комисијата за избор и именувања е да образложи што пишува во барањето кое го добил од страна на координаторите на СДСМ, ВМРО ДПМНЕ и на ДУИ и на тој начин да бидеме запознаени кои се навистина причините во овој момент господинот Љубе Бошковски да биде сменет од позицијата претседател на оваа Комисија и на негово место да биде именуван неговиот заменик.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојановски.

Три минути реплика за господинот Илија Китановски.

**Илија Китановски:** Благодарам господине потпретседател, колеги пратеници, чувствувам обврска да реплицирам на дискусијата на колегата Блаже Стојановски во врска со легитимните предлози на пратеничките групи односно конкретно на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ за одредени промени во составот на комисиите што се однесува до члeновите на пратеничката група на ВРМО ДПМНЕ.

Дефинитивно господинот Љубе Бошковски е член на ВМРО-ДПМНЕ и член на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Оваа измена е практично и децидно на негова иницијатива со негова лична согласност и по негово лично барање и уште еднаш ги замолувам сите колеги пратеници да престанат да изигрувaат портпароли на господинот Љубе Бошковски и душегрижници и навистина да го почитуваат неговиот дигнитет и едноставно што помалку да го користат и употребуваат неговото име во маркетиншки цели, затоа што навистина ситуацијата и состојбата во која е сега тој било какви дискусии од ваков тип нема да му придонесат, дури одредени проблеми му создаваат при престојот во Хаг, затоа што постојано се употребува неговото име во политичка конотација.

Уште еднаш ќе повторам барањето за промена односно легитимното право на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ е во потполна согласност и иницијатива на пратеникот на ВРМО ДПМНЕ господинот Љубе Бошковски за што поуспешно работење на таа комисија, со оглед на неговото физичко отсуство сега за сега.

Уште еднаш во оваа реплика би ги замолил сите колеги да престанат да изигруваат душегрижници и портпароли на господинот Љубе Бошковски затоа што ова што претходно го кажав ако имаат било каква комуникација со него можат да го проверат во разговор со него.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Китановски, една минута контра реплика за господинот Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Видете, ако ние добиваме одлука за изменување на Одлуката за членови и претседатели на комисиите тука стои дека тоа е на предлог на координаторите на политичките партии односно пратеничките групи во Собранието на Република Македонија од страна на СДСМ, од страна на ВМРО ДПМНЕ и на ДУИ, навистина ние како пратеници треба да имаме образложение зошто толкава загриженост токму сега за функционирањето на оваа комисија на која сосема случајно или намерно се менува господинот Љубе Бошковски од една страна, а од друга страна не функционирањето на одредени комисии повеќе од две години не се санкционира и не се поднесува никакво барањње за измена на претседателите кои оневозможуваат да се врши таа работа или усогласување на Деловникот и Уставот согласно потребите на уставните измени донесени врз основа на Рамковниот договор.

Од тие причини сметам дека образложение од господинот Каме Петров. . .

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојановски.

Има збор пратеникот Каме Петров, претседател на Комисијата за избор и именување и како предлагач на одлуката.

**Каме Петров:** Благодарам потпретседателе, сметав дека нема особена потреба од некои посебни дообјаснувања најмногу поради тоа што и од овие крупни и битни разногласија во партиите ВМРО-ДПМНЕ и ВМРО - Народна партија се виде дека не е проблемот во СДСМ, не е проблемот во претседателот на Комисијата, уште помалку и во самата комисија.

Според тоа, закажувањето влегува во делот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Оттука јас би можел да се согласам, но не и да се согласам со одделни тврди принципиелни или непринципиелни укажува, меѓутоа, за нас легитимен е писмен предлог од пратеничка група со потпис и печат, па според тоа, бидејќи тоа сме го добиле, тоа е поставено на Комисија и така е усвоено. Според тоа, легитимно е ова што е овде предложено. Благодарам и нека не го употребуваат моето име, ги молам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Петров.

Има збор господинот Жерновски.

**Андреј Жерновски:** Благодарам почитуван потпретседателе, само накратко, од име на пратеничката група на ЛДП ние воопшто не сакаме да навлегуваме во тоа дали е ова една од

темите за дискусија помеѓу двете пратенички групи во овој Парламент.

Сакам да го кажам ставот на мојата пратеничка група дека ќе бидеме против овој предлог, бидејќи она што го кажа координаторот на ВМРО Народна партија Сузана Бонева изгледа сосема логично, имено прво е сосема погрешно избран тајмингот за да се постави ова барање и второ се согласуваме дека пораката ќе биде сосема погрешна и оттаму ние нема да го поддржиме ова барање.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Жерновски.

Има збор пратеникот Илија Китановски.

**Илија Китановски:** Благодарам.

Јас навистина чувствувам потреба да објаснам некои јасно искажани мисли и намери и некои кои се претпоставуваат, бидејќи во оваа Предлог-одлука се гласа во пакет односно сите измени на комисиите кои се предложени од пратеничките групи се гласаат во пакет, значи нема никаква улога или влијание ВМРО-ДПМНЕ во тоа што легитимно го предложила ЛДП, СДСМ или ДУИ или било која друга партија.

Значи, апсолутно тоа е нивно легитимно право само е коинциденција тоа што во истата одлука и пратеничките групи на СДСМ и на ДУИ имаат предлози за замена на свои членови, така што отфрлам секаква можност за било каков договор или незнам што, бидејќи намерно беше потенцирано тоа. Инаку, од функционирањето на советите на локалната самоуправа се гледа кој со кого е во коалиција и мислам дека многу е јасно.

**Слободан Најдовски:** Оставете го тоа господине Китановски околу советите, дискутирајте во врска со точката.

**Илија Китановски:** Оставете ме потпретседателе да довршам, затоа што е во контекст на мојата дискусија. Немате право да ме ограничувате во тоа.

Друга работа која исто така сакам да ја потенцирам уште еднаш, бидејќи од колегата Жерновски слушнавме од прилика слична дискусија дека не е одбран тајмингот, јас мислам и повторно ве замолувам сите да го оставите господинот Љубе Бошковски да не манипулирате со него, со неговото име и да не глумите дужегрижници или загриженост за него, посебно не оние кои на секој начин се трудеа тој да заврши таму каде што е. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Китановски.

Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе, очигледно нешто во процедурата не е во ред, не можеме дас се повикаме на вербална изјава од колега пратеник во услови кога немаме писмено известување од нашиот колега Љубе Бошковски.

Затоа пратеничката група на СДСМ ќе биде воздржана во гласањето кое е поименично, но очигледно три години не се доволни да се научи Деловникот.
Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Макрадули.

Има збор пратеникот Марија Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам потпретседателе.

Јас уште еднаш ќе го образложам она што почна колегата Блаже Стојановски да го кажува во однос на функционирањето на Комисијата за труд и социјална политика чиј член сум и јас. Ние мака мачиме три години таа комисија да се свика, да ја свика претседателот на Комисијата која истовремено има замена. Меѓутоа, два пати досега јас бев овластена од претседателот на Собранието, согласно Деловникот и тоа членот 116 став 4 со кој по негово овластување јас ја водев Комисијата за труд и социјална политика.

Значи, апсолутно не држи оној предлог што го дал ВМРО ДПМНЕ за смена на претседателот на Комисијата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање затоа што таа комисија го има како заменик претседател господинот Ефтим Манев кој и досега неколку пати ја водеше таа комисија, незнам што е причината и понатаму како заменик претседател и самото име го кажува што прави тој да ја води Комисијата.

Ако колегите од ВМРО ДПМНЕ толку го бранат господинот Љубе Бошковски овде ронат солзи за тоа како тој не треба да се злоупотребува зошто тогаш го менуваат од претседател на таа комисија? Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Којзеклиска.

Има збор господинот Илија Китановски.

**Илија Китановски:** Добро, ова мое јавување ќе го искористам да реплицирам на претходните говорници.

Прво, на господинот Јани Макрадули околу процедурата и околу тоа како се гласа. Мислам дека она што го кажа и што беше наменето за мене треба да му каже на претседателот на Комисијата за избор и именување бидејќи на таа Комисија, а тука верувам дека се присутни и останатите членови на Комисијата, Предлогот за измена на членови на комисиите го гласавме комплетно.

Значи, сме погрешиле тогаш, или ќе погрешиме сега. И за тоа барам толкување. Значи ќе повторам, она што го кажа и што се однесува на нас дали сме го научиле, или не сме го научиле Деловникот, тогаш нека се консултираат, бидејки се од иста пратеничка група со претседателот на Комисијата и со останатите членови на Комисијата од СДСМ, затоа што и тие гласаа за тој предлог, а сега вообичаено повторно менуваат, мислам тоа е очигледно нивни стил за повеќе одлуки.

За она што го кажа почитуваната колешка Којзеклиска, навистина уште еднаш само ќе

повторам дека оваа формална несуштинска промена е на самобарање на пратеникот Љубе Бошковски. Вие за сите останати промени кои што ги правите во Комисијата и кои што ги правиме во Комисијата за избори и именувања и нормално на пленарните седници апсолутно досега немам видено писмена согласност од некој член на Комисијата кој што е променет, ставен заменик, или член и т.н. Значи, ова ќе биде прв пат сега да се бара таква писмена согласност. Меѓутоа, јас разбирам од сета оваа ситуација што е нормална една процедура апсолутно деловничко право на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ во согласност со пратениците кои што се предлагаат за членови и заменици, сакаат очигледно и владеачката коалиција и моите довчерашни колеги да направат еден вид на драма, или театар што понатаму не мислам да учествувам во тоа.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Китаноски.

Има збор претставникот на предлагачот на Комисијата господинот Каме Петров.

**Каме Петров:** Со оглед на тоа дека сме предлагачи на оваа одлука, оваа одлука, односно утврдена Предлог на одлука е донесена така како што е донесена во рамките на Комсиијата за прашања на изборите и именувања. Тоа е согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија и согласно Деловникот на самата Комисија. Со оглед на тоа што како предлагач гледам дека овде сепак постои спор, предлагам сите овие точки што се наведени од оваа одлука да се гласаат поединечно. Барам подршка од 10 пратеници.

**Слободан Најдовски:** Има подршка од 10 пратеници.

Тогаш ќе мора да измениме и во сценариото. Прво, предлогот ќе го ставиме на гласање.

Предлогот на господинот Каме Петров да се гласа поединечно за сите одлуки кои што се дадени го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 52 пратеници, 49 пратеници гласале за, 1 воздржан, 2 против.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во моментот на гласањето во салата биле присутни 67 пратеници.

Сега ги молам службите, за колку време ќе можеме тоа да го подготвиме, бидејки ќе треба сега по секоја одлука да се гласа посебно, или ќе читаме по ред? Да видиме дали се подготвени од страна на службите. Ќе продолжиме со дискусиите и службите најверојатно за тоа време ќе успеат, доколку успеат, во ред, ако не, тогаш ќе објавиме пауза.

Прво, госпоѓа Којзеклиска три минути реплика на дискусијата на господинот Илија Китаноски.

**Марија Којзеклиска**: Искрено да ви кажам, јас да сум на местото на Љубе Бошковски и да сум моментално во Шевенинген, ама апсолутно нема да ми падне на памет да се секирам дали сум претседател на Комисијата за надзор над работата на Управа за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање. Ве молам, тоа е најминорната работа за која бил консултиран наводно господинот Љубе Бошковски, и за кое наводно тој има согласност. Да не се замајуваме.

**Слободан Најдовски:** Една минута контра реплика господинот Илија Китаноски.

**Илија Китаноски:** Благодарам потпретседателе. За разлика од колешката Којзеклиска која што наводно зборуваше, јас она што го кажувам го тврдам и стојам зад тоа што го кажав. Значи, ќе повторам уште еднаш. Пратеникот е консултиран, согласен и на негова иницијатива. Инаку, гледајки го исходот од гласањето, уште еднаш да ја искористам приликата повторно на моите поранешни колеги да им ја честитам коалицијата со владеачката коалиција на СДСМ, затоа што очигледно наоѓаат заеднички интереси, допирни точки дури и за вакви формални работи каде што еден член станува заменик, еден заменик, член и т.н. Мислам дека и во тоа се согласуваат кога за вакви ситни и формални работи имаат согласност, мислам дека и за другите работи имаат апсолутна согласност.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Китаноски.

Изгледа настана едно недоразбирање. Господине Каме Петров колку јас што ве сватив предложивте поединечно да гласаме за секоја одлука. Затоа што има толкување од службите дека наводно побаравте поединечно гласање за одлуката. Значи, јас сум во право. Значи бараме да се гласа за секоја одлука. И онака се како точки на дневен ред.

Има збор пратеникот Слободан Чашуле.

**Слободан Чашуле:** Да не беше човекот во затвор и воопшто животот да не му беше трагедија, ова ќе беше една таква комедија на која слатко ќе се изнасмеевме. Јас незнам господа како да го одбраниме Љубе Бошковски од неговите бранители, час го бранат со закон, час го бранат со одземање на функција. И нема да зборувам за него и нема да бидам негов портпарол, бидјеки очигледно тој има нови, така барем велат. И нема да зборувам за мотивите кои целосно не ми се јасни, и би сакал да ги видам написмено, бидејки отсуствува писмена оставка на господинот пратеник поранешен министер на Владата на Република Македонија, Љубе Бошковски. Сакам да видам писмена оставка. Ако не, господа напишете и дајте ги вашите аргументи. Оттука ќе зборуваме за вашиот мотив. Сега толку ми е мачно да помислам што не сакам ни да го коментирам, но сакам да зборувам за последиците. Што направивме луѓе? Што направивте колеги? Пак ли господинот Љубе Бошковски ќе го ставиме на дневен ред овде. Зошто ви треба замената? Господинот Ефтим Манев со години ја врши таа

работа, Комисијата функционира, работата си оди напред. Требаше да почекаме уште десетина дена. На 28 ќе седне судот да расправа, ќе решеше, па тогаш ќе можевме на тивок начин и во договор со сите да го направиме ова. Инаку, не зборувајте ми за коалиции, бербатно е да го префрлате вниманието на, од вашата глупост, од вашата штета на основа на чесното изјаснување на нашите колеги тука. Па во крајна линија, ако треба да го одбраниме Љубе, утре кога ќе се даваат државни гаранции, ќе бидеме во коалиција и нема срам од тоа тука. Се работи за граѓанин на Република Македонија, се работи за пратеник, се работи за поранешен министер во Влада во која и сегашниот премиер беше министер. И што има тука срамно? Кога е во прашање оваа држава, се ќе направиме за да ја одбраниме. Јас само не можам вас да ве разберам. Кога требаше човекот да биде кандидат за претседател, вашите експерти кои го подготвуваа законот, подготвија правна аргументација дека не бил доволно време граѓанин на Република Македонија за да може да биде кандидат, па му го одзедовте и тоа. Па го бркавте, па го казнувавте, па му кажувавте се, па потоа дојдовте овде, па правите закон за него, па сега му ја одземате функцијата. Јас незнам дали на ова треба повеќе да се коментира и да се зборува. Следете ја траекторијата и ќе видите кој во овој Парламент прави циркуси од обични работи. И да не беше во прашање животот и угледот на наш колега, ќе беше циркус. Вака е трагично и срамно.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Чашуле.

Три минути реплика госпоѓа Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Навистина срамен е текот во кој што ја насочивте почитувани колеги расправата и срамен е театарот што го правите со името на Љубе Бошковски. Не му се одзема функцијата на господинот Љубе Бошковски, туку во моментот на неговото отсуство, во моментот, повторно ќе кажам, на неговото отсуство со негова согласност ...

**Слободан Најдовски:** Ќе ве прекинам. На кого му се обраќате?

**Силвана Бонева:** На господинот Слободан Чашуле.

**Слободан Најдовски:** Ако му реплицирате на господинот Чашуле, ќе му се обратите на господинот Чашуле, а не на сите пратеници. Ќе ве молам, репликата да ја насочите кон господинот Чашуле.

**Силвана Бонева:** Мислам дека многу јасно зборував на кого се обраќам и на кого ја давам репликата. Заменик претседателот не може да свика седница на Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање. Очигледно некому не му оди во прилог, му оди во прилог неработењето на оваа Комисија. И наше е само во моментов додека е отсутен господинот Љубе Бошковски, Комисијата да ја води неговиот заменик господинот Ефтим Манев, а со самиот момент на враќањето на господинот Љубе Бошковски тој си ја превзема функцијата претседател на Комисијата. Значи, срамен е театарот што се прави. Навистина не беше потребно тоа и повторно да се валка името на господинот Љубе Бошковски.

**Слободан Најдовски:** Госпоѓо Бонева, јас ве прекинав и во текот на дискусијата ви реков, затоа што јас што ја водам седницата и како пратеник не се чувствувам во она што вие го упатувате, а упатете го точно на адресите на кои што мислите. Затоа и ве прекинав.

Една минута контра реплика господинот Слободан Чашуле.

**Слободан Чашуле:** Вие ја почнавте работата, ние само се обидуваме да и дадеме некоја логика. Очигледно ја нема. Ако побаравте согласност од него, или ако тој ви се јавил со согласност да правите што и да е, значи сте во комуникација, па заменикот претседател ќе си врши редовна комуникација, ќе бара овластување, претседателот на Комисијата ќе му го даде овластувањето и ќе се одржи седницата на Комисијата. Ама кажете ми зошто го менувате и од Комисијата за уставни прашања. Таму не е претседател. Па вие правите резил од него.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Чашуле.

Има збор пратеникот Ефтим Манев.

**Ефтим Манев:** Благодарам почитуван потпретседателе, немав намера да се јавам за дискусија по оваа точка. Колегите Слободан Чашуле и Марија Којзеклиска ме спомнаа, дека како заменик сум ја водел Комисијата безпрекорно и немало потреба. Сакам да кажам само едно, нека се прочита Деловникот. А колешката Марија Којзеклиска исто така е потпретседател на една Комисија, зошто не свика таа Комисија, па да функционира. Најмалку е во интерес дали Комисијата ќе функционира, или не. И од кои побуди е направена оваа измена. Но, јас како потпретседател ниту сум член на таа Комисија, ниту можам да ја водам во ниту еден случај. А некој ако бара, дали ќе му даде овластување некој што е отсутен од државата, нека го види малку повеќе Деловникот, кога може тоа и кога се прави. Нашиот Деловник е таков што потпретседателите можат да го заменат претседателот само на закажани седници, исто тоа што го правите вие, потпретседателе. Ако можете вие да свикате седница, тогаш ќе може и некој потпретседател на некоја Комисија. Јас само во тој дел би сакал да укажам дека не е така како што го претставуваат колегите. А дали треба, или не треба, дали некоја комисија ќе работи во овие 4 години, или не, тоа е друго прашање. Исто е и со Комисијата за труд и социјална политика, исто е и оваа Комисија. Јас го заменував господинот Љубе Бошковски скоро една година во 2003 година, но тој беше овде. А сега ниту може да

свика седница, па да ме овласти. Тоа е тоа, што стана збор за мене. За другото, нека размислува кој како сака. Ако може, така нека продолжи.

**Слободан Најдовски:** Три минути реплика госпоѓа Марија Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Потпретседателе, дообјаснување на изјавата на пратеникот. Значи, согласно членот 116 став 4 од Деловникот, да го прочитам за да нема недоразбирање. "Ако претседателот на работното тело не свика седница кога е должен тоа да го стори, седницата ќе ја свика претседателот на Собранието со тоа што ќе овласти еден од членовите на Комисијата да ја води седницата". Јас сум потпретседател на Комисијата за здравство, не сум потпретседател на Комисијата за труд и социјална политика, таму сум само член. И по овластување на претседателот на Собранието имав двапати свикано седница. Еднаш ја имав водено и Комисијата за здравство, почитуван колега Манев, по овластување на претседателот на Комисијата, господинот Ѓорѓи Оровчанец. Да знаеме, да не мислите дека имам нешто против, или дека не го читам добро и не го толкувам добро Деловникот.

**Слободан Најдовски:** Една минута контра реплика господинот Ефтим манев.

**Ефтим Манев:** Нема никаква разлика во тоа што го зборува колешката Марија и јас. Значи, потпретседател не може да свика комисија и не сакам во тој дел да сметаат пратениците дека заменикот може да свика седница. Тоа не може. Седница може да свика претседател на тело и претседател на Собрание, никој друг. И во тој дел ние немаме разлика.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Блаже Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Искрено мислев со јавувањето на господинот Ефтим Манев, дека има намера да се откаже од неговата номинација за претседател на оваа Комисија и за член на Комисијата за уставни прашања и на тој начин да се заврши оваа лакрдија која што се прави овде. Меѓутоа, очигледно дека основното прашање се сведува на некои формални работи кои што се поставуваат овде како најбитни во случајот.

Заради јавноста и заради сите нас тука сакам да цитирам што бара ВМРО-ДПМНЕ.

Прво, Комисија за уставни прашања за членови наместо Љубе Бошковски треба да стои: Ефтим Манев. Значи Комисија за уставни прашања, се работи за член на оваа Комисија.

Второ, Комисија за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање за претседател наместо Љубе Бошковски, треба да стои: Ефтим Манев. И понатаму го ставаат господинот Љубе Бошковски за заменик член и во едната и во другата комисија. Навистина, и во однос на тајмингот и во однос на начинот на кој што се прави и во однос на причините зошто се прави ова, сметам дека ова не заслужува внимание и сметам дека Собранието едногласно треба да го отфрли доколку предлагачите не најдат за сходно да се откажат од овој предлог.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојаноски.

Мислам дека непотребно отворивме расправа и мислам дека расправата доби еден погрешен тек. И по однос на самата оваа одлука која што е овде и одлуките кои што се дадени, сметам дека треба да обавиме консултации со координаторите на пратеничките групи.

Објавувам пауза до 15,00 часот.

А во меѓувреме за десетина минути координаторите на пратеничките групи да се собереме во Охридска сала.

(Пауза од 13,30 часот).
(По паузата седница продолжи со работа во 15,02 часот)

**Слободан Најдовски:** Господа пратеници, продолжуваме со работа.
Госпоѓа Бонева процедурално.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитуван потпретседателе, колеги пратеници,

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, во консултација со господинот Љубе Бошковски до Комисијата за прашања на изборите и именувањата, заради неговото привремено отсуство достави Барање за поставување на заменикот претседател на Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контра разузнување, господинот Ефтим Манев за претседател на Комисијата, а господинот Љубе Бошковски во моментов да биде негов заменик се до неговото враќање во Собранието на Република Македонија, се со цел да се стави во функција Комисијата бидејќи, според Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија заменик претседателот не може да свикува седница на Комисијата. Заради тоа Комисијата долго време не работеше.

До моментот на неговото враќање во Собранието на Република Македонија, со негова согласност, во Комисијата за уставни прашања, каде што тој е член, предлагавме да се стави господинот Ефтим Манев, а господинот Љубе Бошковски предлагавме да биде заменик, со цел да може пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ да има постојано присутен член во Комисијата кога ќе се расправа за промената на Уставот на Република Македонија, ако до тогаш не може да присуствува во нејзината работа колегата Љубе Бошковски, а по неговото враќање пак тој да биде член.

Ова наше барање беше доставено со најдобра намера, пред се заради тоа што сметавме дека со ставањето во функцијата на Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контра разузнување и на Агенцијата за разузнување, ќе може да им се помогне и на луѓето кои се наоѓаат во Хаг.

Жал ми е што колегите кои денеска се промовираа во душегрижници на колегата Љубе

Бошковски жестоко беа против законот за соработка со Судот во Хаг, а исто и сега се жестоко против ...

**Слободан Најдовски:** Госпоѓо Бонева,

Ве молам, баравте процедурално, кажете во што е процедурата.

**Силвана Бонева:** Уште две реченици господине потпретседателе. И без тоа немаше никој пријавен.

Значи, и кога се зборуваше за законот за соработка со Хаг и сега, колегите кои се јавија од ВМРО Народна партија беа жестоко против и сега се жестоко против непреченото функционирање на Комисијата за безбедност и контраразузнување ...

**Слободан Најдовски:** Ве молам сега не навлегувајте во дискусиите. Баравте збор процедурално, повелете процедурално.

**Силвана Бонева:** Не навлегувам, но должиме објаснување.

Апсолутно, сосема на кратко, само да потсетам дека една од причините што во моментов Судот во Хаг се премислува дали да го пушти господинот Љубе Бошковски и Јохан Тарчуловски да се бранат од слобода е тоа што немаме закон за соработка со Хаг.

Па затоа, ги молам колегите пратеници да престанат и во овој случај толку многу да му помагаат на колегата Љубе Бошковски.

Заради текот што го доби оваа расправа и немањето желба за поддршка на овој наш предлог, на ова легитимно барање на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ од страна на ВМРО Нардона партија и пратеничките групи од власта, бараме претседателот на Комисијата за прашањата на изборите и именувањата да ја повлече Предлог-одлуката од точка на дневен ред, а ќе оставиме како пратеничка група на добрата волја на претседателот на Собранието, господинот Јордановски, согласно со Деловникот да свикува седници на Комисијата за контрола над работата на Агенцијата за контра разузнување и Управата за безбедност и контра разузнување.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Ова што е на крајот процедурално, можевте да го кажете уште на самиот почеток, а другото немаше врска со процедурата и договорот помеѓу координаторите на пратеничките групи. Требаше само процедурално тоа да го кажете.

Му давам збор на претседателот на Комисијата за избори и именувања пратеникот Петров Каме, како предлагач, бидејќи има предност.

**Каме Петров:** Благодарам потпретседателе,

Јас ќе постапам така како што се договоривме и на самата координација, ќе бидам концизен.

Со оглед на тоа што предлогот беше легитимен, сега и овој предлог за повлекување е исто така легитимен, јас ја повлекувам Предлог на одлуката.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Согласно член 77 од Деловникот за работа на Собранието, повлечена е точката од дневен ред, тоа е точката 6 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели и заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Сега, да не настане некоја забуна, во истиот материјал што го имате има уште две одлуки, но, тие се последни точки на дневниот ред.

Продолжуваме со работа по наредната точка.

**Минуваме на точката 7 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици на членовите на делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Констатирам дека нема пријавени за збор.

Пред да ја ставам одлуката на гласање, ги повикувам сите пратеници да влезат во салата.

Ги повикувам уште еднаш пратениците кои се во Собранието да влезат во салата.

(Пратениците влегуваат во салата)

Молам пратениците да седнат на своите места.

Службите да го утврдат точниот број.

(Службите го утврдуваат точниот број).

Во салата се присутни 63 пратеници.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 63 пратеници, 52 пратеници гласале, 52 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на шеф, членови и заменици на членовите на делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа.

**Минуваме на точка 8 - Предлог на одлука за изменувае на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Констатирам дека нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве волам да се сослушаме.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 64 пратеници, 55 пратеници гласале, 55 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка.

**Минуваме на точката 9 - Предлог на закон за животна средина.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за транспорт и врски поднесе амандман на член 188 став 4.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 14; член 21; член 23 став 6; член 24 став 1; член 40 став 5; член 41 став 3; член 42 став 4; член 45 став 1; член 47 став 2; член 50 став 3; на насловот на член 52; член 55 став 1 алинеја 3 и ставовите 6, 7 и 8; член 56 ставови 1 и 2; член 61 став 1; член 62 став 3; член 64 точка 1; член 66; член 67 став 5; член 68 ставови 2 и 3; член 69 ставови 1 и 3; член 72 став 4; член 78 став 3 алинеја 2; член 80 став 3; член 89 ставови 1, 2 и 4; член 94 став 3; член 97 став 1; член 99 став 3; член 104 ставови 1 и 5; член 105 став 3; член 106 став 1; член 110; член 129 став 1; член 132 став 7 алинеја 2; член 137 став 4; член 139 ставови 1, 2 и 4; член 144 ставови 2, 4 и 10; член 154 став 8; член 169 став 2; член 198 став 1 точки 25, 40 и 42, член 293 став 1 и член 214 став 1 точки 4, 6, 8, 9, 10, 11,12 и 23; член 204 став 6; член 221 ставови 1 и 2; член 222; на насловот на член 226 и на насловот на член 227.

Пратеникот Ана Андова поднесе амандман за заменување на зборот "инсталација" со зборот "постројка" и за заменување на зборовите "постоечка инсталација" со зборовите "постоечка постројка" во целиот текст на предлогот на законот, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Каролина Ристова, Благородна Мингова-Крепиева и Јани Макрадули поднесоа амандман на член 185 став 1 за менување на точка 1, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Илија Китановски и Силвана Бонева поднесоа амандмани на член 4 точка 6; член 4 точка 13; член 5 точка 46 за додавање нова алинеја 4 по алинејата 3; член 5 точка 47 за додавање нова алинеја 3 по алинејата 2; член 45 став 5 и на член 185 став 1 точка 1, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за заменување на зборот "инсталација" со зборот "постројка" и за заменување на зборовите "постоечка инсталација" со зборовите "постоечка постројка" во целиот текст на Предлогот на законот, поднесен од пратеникот Ана Андова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина и просторно планирање, господинот Шапуприќ Зоран.

**Зоран Шапуриќ:** Амандманот не се прифаќа од тие причини што зборот "инсталација" е усогласен со директивите на Европската унија, а освен тоа зборот "инсталација" е поширок поимовно.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не се прифаќа.

Молам, дали некој бара збор?

Има збор госпоѓа Андова Ана.

Повелете госпоѓо Андова.

**Ана Андова:** Благодарам.

Точно е дека законот се повикува на неколку директиви од Европската унија, понатаму на неколку конвенции и на неколку протоколи од областа на заштитата на животната средина. Меѓутоа, има и една друга работа што е многу важна.

Овој амандман го поднесувам од причини што во македонскиот јазик овој збор "инсталации" не придизвикува асоцијација, не предизвикува толкување што предлагачот сака да го предизвика со овој термин. И тоа како што е дадено во членот 5, точка 19 и точка 20.

Евен, ќе ја прочитам дефиницијата на зборот инсталација:

"Инсталација значи, во однос на интегрираните еколошки дозволи е неподвижна техничка единица каде што се вршат една или повеќе пропишани активности и активности што се непосредно поврзани со нив, а кои што би можеле да имаат ефект врз емисиите и врз загадувањето".

Дефиницијата е дадена токму така како што треба. Меѓутоа, терминот е несоодветен. Дефиницијата и по обен и по содржина и по конотација е сосема во ред, меѓутоа терминот во македонскиот јазик не го предизвикува значењето кое дефиницијата го нуди.

По уптатен и по примерен збор на потребното значење во смисла на овој закон е поимот "постројка" односно " постоечка постројка" и е респективно примерен на Европската терминологија.

Јас ја разбирам потребата од користење на унифицирана терминологија, но таа не е апсолутна затоа што мораме да имаме значење кое во нашиот јазик ќе соодвествува на тоа што го бараат директивите, конвенциите и протоколите на кои се повикуваме.

Терминот "инсталација" не предизвикува рационални и практични импликации сосема адекватно на дадената дефиниција во член 5.

Ова би сакала да го поткрепам и со сопствено преведувачко искуство од областа на техничко-технолошките науки. При преведување на оваа терминологија во практичното применување во одредени дефиниции, поими итн. кај сите технички лица со техничко образование

предизвикува конфузија. Инсталација во нашиот јазик е динамички поим и има точно пошироко значење, меѓутоа има и значење, на пример ликовна инсталација, мултимедијална инсталација, инсталација на компјутерски програми итн.итн.

Можеби предлогот кој јас го давам не е сосема адекватен, меѓутоа со овој амандман сакам да потикнам и да изразам надеж дека со ваквите дискусии ќе потикнеме постапка на стандардизација на преводот на термините од оваа област.

Во таа конотација се однесува мојата забелешка дадена со овој амандман и на целокупната терминологија и на јазикот на законот.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Андова.

Повелете господине министер, имате три минути за реплика.

**Зоран Шапуриќ:** Благодарам господине потпретседателе.

Најпрво, самиот закон го дефинира зборот "инсталација". Значи не станува збор за некои други видови на инсталација.

Сакам да нагласам дека може да се бара дозвола само за една техничка единица, односно единка, а самата посторојка во себе може да има повеќе инсталации.

Од друга страна директивите на ЕУ бараат за декооја инсталација посебна дозвола а можно е една постројка во себе да има три инсталации. На пример може да се бара инсталација на еден котел, или во Железара може да постојат три дела а да се бара инсталација.

Начелно ова што го кажа пратеничката Андова дека треба да се поттикне усогласување на таа терминологија го прифаќам. Исто така сакам да нагласам дека претставниците на сите технички факултети учествуваа на повеќе десетици расрпави и никогаш немаа забелешки. Дваесет и седум професори експерти учествуваа во тие расправи.

**Слободан Најдовски:** Повелете една минута госпоѓа Андова.

**Ана Андова:** Од тоа што го кажавте господине министер тргнуваше и мојата потреба да направам амандман. Јас сосема се согласувам, меѓутоа еве на пример во германскиот јазик секоја единица, неподвижна единица е токму инсталација.Значи, во самиот термин прво го има наширокиот склоп, па подсклопот, па најситниот склоп. Во нашиот јазик не е таква терминологијата и заради тоа понудив едно попрактично решение. Не мислам дека е најдобро, меѓутоа треба да размислиме во контекст во кој се согласивме јас и вие.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓа Андова.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам пратениците да си седнат на своите места.

Молам службите да го утврдат точниот број на присутните пратеници.

(службите ги пребројуваат пратениците)

Во салата се присутни 63 пратеници,

Амандманот го ставам на гласање.

Од присутни 63 пратеници гласале 60, од кои 18, за, осум воздржани, и 34 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за заменување на зборот "инсталација" со зборовите "постројка" и за заменување на зборовите "постоечка инсталација" со зборовите "постоечка постројка" во целиот текст на Предлогот на закон поднесен од пратеникот Ана Андова.

Отворам претрес по амандманот на член 4 точка 6, поднесен од пратениците Илија Китановски и Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина господинот Шапуриќ.

Повелете господине Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор пратеникот Бонева Силвана.

**Силвана Бонева:** Амандманот се однесува на членот 4 кој што ги дефинира целите на законот и начинот на нивното постигнување. Во точка 6 каде што предлагаме промени се кажува дека цел на законот е потикнување на употребата на производи и почисто производство и користење на чисти производи кои се најповолни за животната средина.

За да биде целта на законот појасна сметаме дека оваа точка 6 треба да гласи:" потикнување на употребата на еколошки производи и еколошко почисто производство и користење на чисти технологии кои се најповолни за животната средина".

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 62 пратеници, 55 гласале, 10 за, еден воздржан, 44 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4, точка 6 поднесен од пратениците Илија Китановски и Силвана Бонева.

Отворам претрес по амандманот на член 4, точка 13, поднесен од пратениците Илија Китановски и Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина господинот Шапуриќ Зоран.

Повелете господине Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** Амандманот не се прифаќа од тие причини што во самата Глава за известување јасно се дефинирани на кој начин се известува. Јасно е дефинирано во многу делови во Законот дека пристапност на информаци мора да има согласно Архурска конвенција и така да зборот "перманентно" би преставувало само едно оптеретување на законот .

Инаку со подзаконските акти јасно се дефинираат месечни, неделни и дневни извештаи.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Шапуриќ.

Има збор пратеникот Бонева Силвана, амандманот не е прифатен.

Повелете госпоѓа Бонева.

**Силвана Бонева:** И самиот министер кажа дека со подзаконски акти ќе биде утврдено месечно , неделно известување . Сметам дека амандманот кој што е даден апсолутно ќе даде рамка на постапување односно на подзаконските акти бидејќи бараме перманентно известување да стои. Тоа подразбира навистина и неделно и месечно известување онака како што дадено, може и не мора. Токму заради тоа баравме прецизирање на точка 13 на членот 4, заради посебната важност на здравата животна средина за граѓаните на Република Македонија и заради тоа потребно е перманентно информирање за состојбите од областа на животната средина.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓа Бонева .

Три минути реплика има министерот за животна средина .

Има збор министерот за животна средина господин Шапуриќ Зоран.

Повелете господине Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** Благодарам.

Зборот "перманентно" е исто така флуиден. И одтаму во Главата , почитувана госпоѓа Бонева каде што е регулирано информирање јасно е ставено дека секој има право на пристап. "Перманентно" само може да значи услужнување. Инаку, јасно е дека целата Глава се однесува токму на пристапот на информациите. Ве уверувам дека оваа обврска не е декларативна, бидејќи не само со овој закон, туку и со Архурската и со другите конвенции постои обврска за информирање.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Шапуриќ.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 63 пратеници, гласале 56, од кои 7 за, еден воздржан, 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 точка 13, поднесен од пратениците Илија Китановски и Силвана Бонева.

Отворам претрес по амандманот на член 5 точка 46, за додавање нова алинеја 4 по алинејата 3, поднесен од пратениците Илија Китановски и Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина господин Зоран Шапуриќ.

Повелете господине Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** Согласно Директивата на ЕУ за одговорност точно е наброено во кои случаи се бара одговорност за штета во флора и фауна околу деградација на почвата.

Што се однесува до деградација на воздухот некогаш е потребен временски период, но освен одговорноста согласно другите прописи, а пред се со Законот за облигациони односи постои одговорност. Така да директното врзување на Директивата со ова, а за ова имавме консултации со експерти од ЕУ доволно е разработена, така да амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор пратеникот Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Сметам дека неопходно е потребно како еколошка штета да се дефинира и штетата која што е направена врз воздухот, што има значителни неповолни влијанија. Значи дефиницијата треба да биде "еколошка штета е секоја штета причинета врз воздухот што има значителни неповолни влијанија врз амбиенталниот воздух, а која предизвикува значителен ризик по здравјето на човекот, на растителниот и животинскиот свет согласно Законот за амбиенталниот воздух и прописите донесени врз основа на тој Закон".

Сметам дека неопходно е потребно да се дефинира еколошка штета направена врз воздухот без оглед на тоа дали изричито го бараат европските директиви или не, заради тоа што во Република Македонија посебно не се води сметка за загадувањето на воздухот.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во моментот на гласање беа присутни 62 пратеници, од нив гласале 54, од кои 8 за, двајца воздржани, и 44 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 точка 46, за додавање нова алинеја 4, по алинејата 3 поднесен од пратениците Илија Китановски и Силвана Бонева.

Отворам претрес по амандманот на член 5, точка 47 за додавање нова алинеја 3 по алинејата 2, поднесен од пратениците Илија Китановски и Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина господинот Зоран Шапуриќ.

Повелете господине Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** Благодарам, амандманот е речиси идентичен со претходниот и од веќе изнесените аргументи амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор госпоѓа Силвана Бонева.

Повелете госпоѓа Бонева.

**Силвана Бонева :** Со точка 47 се утврдува одговорност на штета предизвиката врз животната средина и се дефинира што претставува штета причината врз води, штета причинета врз почва и одговорност за направена ваква штета, а не е кажано за штетата причинета врз квалитетот на амбиенталниот воздух и не е дефинирано дека треба да се елиминира секој значителен ризик кој може негативно да влијае врз здравјето на човекот, раститолниот и животинскиот свет.

Токму заради тоа денеска бараме да се стави нова алинеја на членот 47 после алинејата 2 кој што ќе ја дефинира состојбата на штета и одговорноста за направена штета врз воздухот.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓа Бонева.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници пред да преминиме на гласање.

(службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата.)

Во салата се присутни 62 пратеници.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Присутни се 62 пратеника, гласале 54 од кои 9 за, нема воздржани и 45 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 точка 47, за додавање нова алинеја 3 по алинејата 2, поднесен од пратениците Илија Китановски и Силвана Бонева.

Отворам претрес по амандманот на член 14 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина господин Шапуриќ.

Повелете господине Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** Амандманот на ЗПК преставува ново техничко усовршување на текстот на законот и се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 21 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина, господинот Зоран Шапуриќ.

Повелете господине Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** Амандманот се прифаќа.

Должен сум да ви кажам дека во исто време имаше три комисии, имаше Комисија за транспорт, екологија и сообраќај, така да не беше возможно да бидеме присутни на три комисии. Може министер и заменик да прифаќаат амандмани.

**Слободан Најдовски:** Во ред.

Амандманот е прифатен и станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 23 став 6, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина, господин Зоран Шапуриќ.

Повелете господине Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** Се прифаќа амандманот.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 24 став 1, поднесен од ЗПК .

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина господин Шапуриќ.

Повелете.

**Зоран Шапуриќ.** Амандманот се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 40 став 5, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина, Зоран Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** Амандманот се прифаќа.

**Слободан Најодвски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на закнот.

Отворам претрес по амандманот на член 41 став 3, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина, господин Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** Се прифаќа и овој амандман. За жал, согласно Деловникот не постои можност да се изјасниме дека и останатите ги прифаќаме.

**Слободан Најдовски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 42 став 4, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина, господин Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** Се прифаќа амандманот.

**Слободан Најдовски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 45 став 1, поднесен од ЗПК.

И со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина господин Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** Се прифаќа амандманот.

**Слободан Најдовски:** Амандманот се прифаќа и е составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 45 став 5, поднесен од пратениците Илија Китановски и Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина господинот Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** Амандманот не се прифаќа од тие причини што надзорот условно кажано на Министерството врз локалната самоуправа се однесува само на формата и начинот на известување. Затоа што, локалната единица може да дава и неточни информации кои што треба да се проверат од соодветни институции и од лаборатории и тн. Инаку, оваа одредба воопшто не го стеснува правото на локалната самоуправа да дава одредени соопштенија, меѓутоа, званичен извештај сепак треба да биде контролирано од компетентни и стручни луѓе, а тоа е Министерството за животна средина.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор пратеникот Бонева Силвана.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева**: Самото давање на извештај е во функција на контрола, нормално, меѓутоа овде стои дека во став 4 општината градот Скопје и општините во градот Скопје можат да изготват извештај за состојбата на животната средина. Значи, можат, не е облигаторно кажано дека треба задолжително. Понатаму, во точка 5 вели , градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје го доставуваат извештајот од став 4, значи овој необлигаторно дадена можност на извештај, до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, заради одобрување Значи, предлагаме да се брише ова "заради одобрување", бидејќи целта е да се информира, а истиот извештај поради својата форма не подлежи на одобрување.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеници, 9 за, 3 воздржани, 41 против.

Молам, службите да го утврдат точниот број на пратеници со господинот Стаменков и господинот Ќахил кои беа присутни во моментот на гласање, без господин Камчев.

Во моментот на гласањето беа присутни 61 пратеник. Ќе повторам уште еднаш за резултатот. Од 61 присутени, гласале 53 пратеници 9 за, 3 воздржани и 41 против.

Констатрам дека Собранието не го усвои амандманот на член 54, став 5, поднесен од пратениците Илија Китановски и Силвана Бонева.

Отворам претрес по амандманот на член 47 став 2, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на  Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина господинот Зоран Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** Амандманот се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот се прифаќа и е составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 50 став 3, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот а животна средина, господинот Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** Амандманот се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на насловот на член 52, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина господин Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** Се прифаќа амандманот.

**Слободан Најдовск:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 55 став 12 алинеја 3 и ставови 6,7 и 8, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина Зоран Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** Се прифаќа амандманот.

**Слободан Најдовски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 56, ставови 1 и 2, поднесен од ЗПК.

И со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина, господин Шапуриќ Зоран.

**Зоран Шапуриќ:** Се прифаќа амандманот.

**Слободан Најдовски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел ан Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 61, став 1, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Шапуриќ Зоран, министер за животна средина.

Повелете господине Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** Се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 62, став 3, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина Шапуриќ Зоран. Повелете господине Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** Се прифаќа амандманот.

**Слободан Најдовски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 64, точка 1, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина господинот Шапуриќ Зоран.

Повелете господине Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** Се прифаќа амандманот.

**Слободан Најдовски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 66, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина господин Шапуриќ Зоран.

Повелете господине Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** Се прифаќа амандманот.

**Слободан Најдовски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 67 став 5, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина, господинот Шапуриќ Зоран.

Повелете господине Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** Се прифаќа амандманот.

**Слободан Најдовски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 68 ставови 2 и 3, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина господин Шапуриќ Зоран.

Повелете господине Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** Амандманот се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 69 ставови 1 и 3, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина, господинот Зоран Шапуриќ.

Повелете господине Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** Се прифаќа и овој амандман.

**Слободан Најдовски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 72, став 4, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 78, став 3, алинеја 2, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина, господинот Шапуриќ Зоран.

Повелете господине Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** Се прифаќа амандманот.

**Слободан Најдовски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 80, став 3, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина, господинот Зоран Шапуриќ.

Повелете господине Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** Амандманот се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 89, ставови 1,2 и 4, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина, господинот Шапуриќ Зоран.

Повелете господине Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** Со оглед на тоа што со овој амандман фактички е извршена чиста пермутација на зборови односно се употребуваа синоними, амандманот на ЗПК, кој бара употреба на збор, наместо "формирани", да стои "основани", не се прифаќа овој амандман.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор пратеникот Витановски Јанаќе.

Повелете господине Витановски.

**Јанаќе Витановски:** Благодарам потпретседателе.

Бидејќи, не е овде претседателката на ЗПК, јас како член на Комисијата сметам дека овој амандман е во ред и тоа се однесува на членот 89 ставовите 1,2 и 4 и зборот "формирани", да се заменат со зборот "основани". Ова од причина што амандманот се поднесува заради усогласување со одредбите на Законот за здруженија на граѓани и фондации. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Витановски.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

(Со седницата продолжи да претседава Љупчо Јордановски, претседател на Собранието).

**Љупчо Јордановски:** Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Ве повикувам да гласаме по мандманот.

Гласале 52 пратеници, 7 за, 4 воздржани, 41 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 94, став 3, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Шапуриќ.

Повелете господине Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** Амандманот претставува редакциска исправка и од тие причини се прифаќа и ако може да биде предмет и на лекторирање и на собраниска редакција. Значи, се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Значи, грешката си ја признавате за редакциска.

**Зоран Шапуриќ:** Не е грешка, туку е печатна грешка.

**Љупчо Јордановски:** Зборувате за редакциска исправка.

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 97, став 1, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнес.

Има збор министерот.

Повелете господине министре,

**Зоран Шапуриќ:** Се прифаќа амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 99, став 3, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Шапуриќ.

Повелете.

**Зоран Шапуриќ:** Се прифаќа амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 104, став 1 и 5, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

Повелете господине министре.

**Зоран Шапуриќ:** Се прифаќа амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 105, став 3, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

Повелете.

**Зоран Шапуриќ:** Се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 106, став 1, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер.

**Зоран Шапуриќ:** Во овој амандман се предлага зборот "носи", наместо зборот "донесува" и ние сметаме дека е посоодветен и правно и номотехнички зборот "носи" и во таа смисла не се прифаќа амандманот.

**Љупчо Јордановски:** А, литературно?

**Зоран Шапуриќ:** И литературно.

**Љупчо Јордановски:** Значи, амандманот не е прифатен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 43 пратеници, 4 за, 2 воздржани, 37 против, а во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 110, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Зоран Шапуриќ:** Се прифаќа амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Господине Мавровски процедурално повелете три минути.

**Спиро Мавровски:**

Господине претседателе, господинот министер амандманот 10 од членот 50 став 3 зборот "носи" се заменува со зборот "донесува" го прифати на денешната седница. Значи, тој е амандман 10 од ЗПК, а сега за истата оваа ситуација министерот не се согласува. Сега, дали е проблем овој амандман или претходниот проблем.

Членот 50 став 3 зборот "носи", се заменува со зборот "донесува".

**Љупчо Јордановски:** Процедурата не е погрешена во контекст на целата реченица можеби значењето на зборовите имаат посебна важност. Дали "носи" или "донесува", затоа ова не е процедурално, ве молам.

**Спиро Мавровски:** По ваше толкување се може да биде во контекст на една реченица зборот "носи" е зборот "носи" и зборот "донесува" е истиот збор и во двете ситуации апсолутно ништо не менува. Апсолутно ништо не менува можеме да ги пресликаме двата члена.

**Љупчо Јордановски:** Ако носите некому нешто е едно, а ако донесувате некому нешто е друго. Затоа, зависи од тоа во склоп на целиот став што значи "носи" и "донесува".

**Спиро Мавровски:** Добро, можеме да се надмудруваме до утре наутро, но во секој случај еднаш е прифатено и во овој случај апсолутно е повредена процедурата.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски дали "носи" е исто што и "донесува" тоа ве прашувам. Не е.

**Спиро Мавровски:** Јас ви кажувам дека членот 50 став 3 и претходниот член кој не го прифати, едноставно можете да го погледнете текстот и ќе видите дека се работи за истите зборови, за иста консталација. Тоа е тоа.

**Љупчо Јордановски:** Тоа треба да го процени господинот министер. Господинот министер проценил така како што проценил. Ние продолжуваме понатаму.

Отворам претрес по амандманот на член 129 став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина и просторно планирање, господинот Зоран Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 132 став 7 алилнеја 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина и просторно планирање, господинот Зоран Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 137 став 4, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина и просторно планирање, господинот Зоран Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 139 ставови 1, 2 и 4 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина и просторно планирање, господинот Зоран Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 144 ставови 2, 4 и 10 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина и просторно планирање, господинот Зоран Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 154 став 8, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина и просторно планирање, господинот Зоран Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 169 став 2, член 198 став 1 точки 25, 40 и 42, член 203 став 1 и член 214 став 1 точки 4, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12 и 23 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина и просторно планирање, господинот Зоран Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 185 став 1, за менување на точка 1, поднесен од пратениците: Каролина Ристова, Благородна Мингова Крепиева и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина и просторно планирање, господинот Зоран Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** Амандманот не се прифаќа.

Во врска со овој амандман само сум должен да дадам појаснување дека амандманот предвидува наместо 10 денари такса по килограм , само од 1 денар. Инаку, би кажал дека во еден килограм има околу 1020 кеси од оние што се продаваат на пазар.Тоа изнесува 00098 дени, или ако ставиме во денари, уште две нули, што значи дека оваа сума е доста симболична. Во иднина ќе треба да се зголемува, бидејќи употребата на ќесите навистина е сведена до апсурдност, што денес во една трафика имате за една мастика или било што друго се дава цела ќеса, а целта на законот е постепено да се намалува употребата на пластичните ќеси.

Инаку ние имавме повеќе разговори и во Министерството за финансии со ММФ и Светска банка и со Комората и најголемиот дел од претставниците на Комората се согласија со текстот на законот.Тоа е само еден помал дел од Комората луѓе кои не се согласуваат. Но, сепак, ако сакаме да ја зголемиме јавната свест, сметаме дека за почеток е доволна сума од десет денари по килограм. Инаку, еден денар од килограм и ја намалила за 100 пати, односно 10 пати и онака симболичната сума која согласно директивите во наредниот период постепено ќе се зголемува.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор.

Повелете госпоѓа Ристова имате збор.

**Каролина Ристова:** Благодарам господине претседателе,

Со оглед на елаборацијата на министерот, мислам дека поднесувачите на амандманот, јас госпоѓа Мингова и Јани Макрадули треба да ги образложиме причините зошто сме го поднеле овој амандман во интрес на јавноста, а пластичната кеса е само симбол на целата дебата околу стимулацијата и дестимулацијата на овој вид производи од еколошки аспект. Всушност ние имаме со овој амандман две интервенции. За едната веќе зборуваше министерот, а тоа е за намалувањето на цената од 10 на еден денар. Меѓутоа имаме и друга интервенција, подобро прецизирање во однос на што се однесува оваа точка од ставот 185. Значи ние бараме да биде попрецизно дефинирано, во смисла, наместо да стои само вреќи и ќеси за транспорт и пакување на стоки, да стои вреќи, ќеси, термофолии, фолии за земјоделие, индустрија и трговија, наменети да служат за пакување или транспорт на стоки. Значи, две се интервенциите.

Нашето образложение по однос, најпрвин на цената е што овие производи кои веќе ги спомнав имаат широка примена во индустријата, земјоделието и трговијата односно влегуваат како амбалажни производи или во нив се пакуваат други производи.

За разлика од предлогот на Владата, нашиот амандман, износот на надоместокот нема битно да влијае на зголемување на цените на производството на мало. Значи, се работи за една поширока лепеза што директно ќе влијае на животниот стандард за разлика од Владата која тврди дека со 10 денари нема да биде тоа случај. Ние сметаме дека само во оваа ситуација тоа не би било случај.

Се разбира со овој економски ефект ќе се елиминира интересот за сивата економија во овј област односно ќе има производство и на ќесите како најславни во целава проблематика од страна на нерегистрирани субјекти, ќе има купопродажба на црно, би се намалил интересот за шверц во оваа сфера и за некаков внелегален увоз на ваквите производи, кои во рамките на нашата култура и натаму ќе имаат побарувачка. Понатаму, сметаме дека ќе се обезбеди приближно оптоварување за плаќање на надоместокот со останатите видови група на пластични производи кои се опфатени во членот 185, а кои според експерти кои сме ги консултирале, всушност од еколошки аспект се и поштетни, со давачки изгледа дека се помалку оптеретени односно еколошката такса овде би била постимулатива на, иако се поштетни.

Доколку остане предлогот на Владата, износот на еколошката такса станува приближен на ДДВ што производителите на овие производи веќе го плаќаат и скоро сите стопански субјекти кои ги произведуваат овие производи, имаат сопствени линии на рециклирање и тие во суштина не вршат, самите како производители, загадување на околината.

Според расположивите податоци, производството на овие производи во Македонија, по глава на жител далеку заостанува зад производството во соседните земји. Тука сега нема да ве оптоварувам со споредбени примери. Значи проблемот не е толку екватантен за да се оди со толку драстичен пристап.

И конечно, пратениците кои се предлагачи на амандманот оценуваат дека пластичните производи нема да се отстранат со ваквата ригорозна еколошка такса од улиците, депониите, поллињата и слично, со самата висина на таксата, туку овој проблем треба да се решава на друг начин, со негување на една поинаква култура на работа и живеење, како и со друг тип на мерки насочени кон организирање на собирањето, селектирањето, балирањето и рециклирањето на пластичните производи за кој станува збор, а од контекстот на Законот, може министерот ако сака дополнително да се изјасни, не сме уверени дека таквата нова поинаква култура ќе биде стимулирана, дотолку повеќе што и нема директни гаранции дека еколошката такса која ќе се собира, наменски со законот наменски во Буџетот ќе биде веќе утврдено дека ќе биде за решавањето на овие проблеми односно оди во буџетот, а потоа законски нема гаранции дека еколошката такса ќе се користи за борбата против загадувањето, од страна на самото министерство, туку може да бидат и пренаменети. Еве ако сака министерот мислам

дека би можел тоа да ни го појасни, па евентуално да се најдеме на заедничка линија.

**Љупчо Јордановски:** Повелете министре.

**Зоран Шапуриќ:** Најпрвин околу последниот дел од дискусијата на почитуваната пратеничка, јас би кажал дека согласно аражманот што го има Република Македонија со ММФ, минатата година е укинат Фондот за животна средина, што значи точно е, како што кажавте вие дека овие давачки ќе одат во Буџетот, меѓутоа на предлог на Министерството за животна средина и просторно планира, Владата донесува одлука каде треба тие средства наменски да се користат, а се разбира и Парламентот може да ја има надзорната улога во користењето.

Инаку од година во година, со зголемување на овие еколошки такси за кои треба да бидеме свесни дека во иднина, после еден период ќе треба да се зголемат, бидејќи сега за сега е најбитно да постои свест кај сите, па дури и кај стопанствениците, овие кои го сугерираат амандманот дека мора да постои една еколошка такса која од година во година ќе се зголемува. Како ќе се зголемуваат тие еколошки такси, така и намената ќе биде се поголема во оние стопански субјекти кои ќе го стимулираат субституцијата на одредени материи, како што е случајот со пластични кеси.

Само сум должен да кажам и за вториот дел од амандманот дека свесно не се ставени фолиите за земјоделие, бидејќи во оваа фаза не сакавме дополнително да ги оптовариме. Но, сметаме дека и 10 денари по килограм, како што кажав, по ќеса доаѓа 0,009 дени е сосема симболична и нема, во овој момент  бидете уверени, да ја зголеми цената.

Инаку морам да кажам дека последните студии укажуваат дека употребата на пластичните кеси во Република Македонија годишно се зголемува, секоја година, за околу 30%. Навистина е алармантно, како што кажав и мора да се стимулираат и други мерки, не само овие мерки за да се дестимулира и ограничи употребата на пластичните кеси. Во таа смисла Министерството, заедно со странските донатори планира една поширока кампања за намалување на употребата на пластичните кеси, покрај овие еколошки такси кои не се сами за себе цел и не можат само тие да придонесат за намалување. Ние имаме цел пакет на овие мерки за да го ублажиме зголемувањето на пластичните кеси поради што алармантна е дури ситуацијата, дури четири пати зголемување во однос на ПЕТ односно пластичната амбасада. Од тие причини е предложено ова решение.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 48, 12 гласале за амандманот, 5 воздржани и 31 против.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата имаме присутни 56 пратеници. Според тоа го поништувам гласањето.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Во моментот во салата има 61 пратеник.

Повторно ги повикувам пратениците да гласаме.

Гласале 50 пратеници, 14 гласале за, 7 воздржани 29 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 185 став 1, точка 1, поднесен од пратениците Илија Китановски и Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете господине Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** Амандманот е сличен на претходниот со тоа што бара уште повеќе намалување и поради тоа не се прифаќа. Бара намаллување од 10 денари по килограм за ќеси на 05 денари.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор.

Повелете господине Китановски, имате збор.

**Илија Китановски:** Бидејќи текстот на амандманот и неговата суштина е ист со претходниот предложен од колегите Каролина Ристова, Благородна Мингова - Крепиева и Јани Макрадули, јас ќе се потрудам и бидејќи, навистина, образложението на колешката Ристова беше сеопфатно, разбирливо и јасно, јас сеуште сакам да верувам дека тоа сепак била некоја грешка, ненамерна веројатно во концепирањето на законот, бидејќи се работи тука за трегер кеси за продажба, а можеби најповеќе за амбалажа во која се пакува останатата пластична амбалажа, а која, за споредба, на пример во ставот 2 пластична амбалажа од 2 литри или помала, се определлува надоместок од 6 денари за илјада парчиња. Сега ќе направиме една мала математика за тоа. Шест денари за илјада парчиња, ако една празна боца тежи од прилика 60 грама, помножено со 1000 парчиња, земено како стандарден број во самиот предлог закон, тогаш ќе добиеме количина од 60 килограми што според предложениот закон се предвидени 6 денари односно се предвидени 0,01 денар за еден килограм. Додека од истиот или сличен материјал за амбалажата во која се пакуваат тие производи, со примерот што јас го земав односно во ставот 4 или 5, кое е по ред, значи дволитарски флаши, имаме одданочување, значи за нив надометокот изнесува 0,01 денар од килограм, а овде изнесува 10 денари од килограм. Навистина, не ја гледам логиката како и зошто на овој начин ќе се стимулира, да речеме

заштитата на човековата околина од трегер кеси, но од празни флаши од разни сокови газирани и негазирани кои ги има доста во производството во Македонија и добро е да ги има, апсолутно не ја гледам намерата на предлагачот тие производители кои и каде што во самите средини каде гледаме дека најголемото загадување го имаме од тие производи, а многу помалку од амбалажата во која тие се спакувани, тоа е онаа амбалажа во која се пакувани по 6, 10 или 12 шишиња во една амбалажа. Навистина барам објаснување за да можам и јас да бидам убеден во она во што е убеден министерот, а и да ја убедиме и македонската јавност и производителите, пред се, на различни водови на пластична амбалажа дека со овој закон не се онеправдани односно дека некој можеби лобирал повеќе, некој помалку, некому му е прифатено, некому не.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски: Н**авистина, математиката е егзактна наука, но во пракса секој си има своја пресметка.

Повелете министре кажете ја вашата пресметка.

**Зоран Шапуриќ:** Како што кажав, сакам да ве уверам дека овие, таканречени такси за екологија или попопуларно кажано, согласно директивите на Европската унија, секоја година треба да се зголемуваат. Така што и без амбалажата и пластичните кеси ќе се зголемуваат.

Но, во оваа можност сакам да нагласам дека пакувањата се исти, односно пакувањата не се исти како што е случајот кај кесите и кај ПЕТ-амбалажата. Освен тоа, планираме да воспоставиме систем на рециклажа на ПЕТ амбалажа, а се разбира потоа, согласно искуствата на земјите на Европската унија и замена на таа амбалажа по систем на кауција, што се разбира кај кесите не е можно.

Исто така, со постепено зголемување на таксите и кај ПЕТ-амбалажа производителот ќе има право на избор, односно ќе има можност да биде дестимулиран, односно да ја користи стаклената амбалажа или некој друг тип на амбалажа наместо пластичната. Во овој случај пак производителот има право на избор, дали ќе ја употреби таа пластична амбалажа. Постои можност, со додатни мерки да биде дестимулиран, не само со овие мерки и со други да ја намали употребата на пластична амбалажа, додека случајот кај пластичните кеси е сосема друг.

Во иднина, и едниот и другиот вид на амбалажа треба да се зголемуваат, за нив, бидете уверени, овие давачки со цел да бидат дестимулирани.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам**.**

Господине Китаноски повелете имате збор.

**Илија Китаноски:** Навистина се трудев да го разберам минситерот и до некаде му ја разбирам намерата. Ако е коректна. Меѓутоа, какво ќе биде објаснувањето за еден производител на пластична амбалажа кој произведува фолии со што се пакуваат пластични шишиња, дека неговото производство е сто пати, значи не еден пат, не 100%, туку сто пати оптоварено со давачки за разлика од производителот на пластична маса, односно на пластични маси за шишиња. Значи сто пати. 0,1 денар од килограм и 10 денари по килограм. Мислам дека разликата е преголема.

Тогаш објаснувањето треба да држи, што беше содржано во претходното мое излагање, зошто тогаш за овие производители, ако ни е веќе намерата да ги казниме, односно да ги натераме да ја заменуваат таа амбалажа, мислам дека баш тие кои имаа можност да ја заменат амбалажата, бидејќи пластичната фолија со што се обвиткуваат тие шишиња горе-долу и нема некоја замена. Меѓутоа, овие што имаат замена, што можеме да ги принудиме во стаклена амбалажа, нив најмногу ги одданочуваме. Практично, тие се со 0,1 денар од килограм, а овие со 10 денари од килограм, зборувам за производители на пластични маси што се специјализирале, едни за еден производ, другите за друг производ.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине министре, да ја слушнеме госпоѓа Ристова, па можеби потоа да одговорите.

Повелете госпоѓо Ристова.

**Каролина Ристова:** Со оглед на тоа дека се работи за амандман со слична намера, јас и денеска, тоа што претходно го пропуштив, ќе го кажам во форма на прашање, како реплика на минситерот, па ако може да појасни.

Тоа е она што го спомна дека секоја година ќе се дигаат цените, односно еколошката такса, тогаш дали Минситерството, со неприфаќањето на овие амандмани има искалкулирано какви ќе бидат здравствено-хигиенските ефекти од поскапувањето на овој вид на производи, што ќе влијае во секојдневниот живот? Да не се случи, трчајќи по Европа, да се вратиме во камено време со некои навики, затоа што дел од пластичните производи за кои стана збор ќе поскапуваат, и сега, со неприфаќањето на овој и претходниот амандман или воопшто со идната тенденција за која што зборуваше минситерот.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете минситре.

**Зоран Шапуриќ:** Би сакал да ве уверам дека ние три месеци работевме заедно со Министерството за финансии на анализа на овие давачки, почитувани пратеници, но исто така почитувана пратеничке Ристова би сакал да ви кажам дека секоја година ќе вршиме анализи заедно со Министерството за финансии. И, имајќи ја предвид оваа висина, верувајте дека нема, барем во наредните 5-6 години, драстично да се почувствува покачената цена.

Инаку, до колку би се прифатил амандманот на господинот Китаноски и на госпоѓа Бонева, кажав дека со давачката 10 денари по кеса, таа би изнесувала 0,0098 дени. Ако евентуално,

господине Китаноски се прифати вашиот амандман, заедно со колешката Бонева, тогаш би дошло до уште побессмислена давачка, тогаш би дошло до 0,00049 дени. Замислете која би била таа давачка, ако биде 0,5 денари по килограм.

Јас кажав, дека во разговорите со Комората, бидејки од страна на Министерството за финансии, од страна на Владата и од страна на Министерството за просторно планирање и животна средина овие забелешки беа прифатени и можам да ви кажам дека 99% од учесниците во сите расправи, што ги организираше Комората, беа задоволни. Се работи за еден или двајца производители на овие пластични кеси кои мислат дека ќе бидат погодени. Но, во овој момент дури ни тие нема да бидат погодени.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам господине претседател.

Мислам дека предложениот амандман од пратениците треба да се прифати, бидејки тоа што го кажува министерот, навистина овде се отворени 2-3 фабрики што произведуваат пластични кеси и, доколку се случи да не се прифати овој амандман тие ќе треба да ги затворат нивните фабрики или нивните погони. Ќе се случи тоа, најлонските кеси, како пред неколку години да се увезуваат од надвор, каде цената е неколку пати пониска од овде, кај нас.

Така што мислам дека е од интерес на граѓаните да ги штитиме нашите производители, да не ни се случи како во минатото најлонските кеси да ги увезуваме од Турција или други земји, бидејки, се разбира, овие лица што имаат отворено фабрики, имаат вработено доста граѓани. Значи, покрај тоа што произведуваат најлонски кеси, придонесуваат и во однос на невработеноста.

Така што мислам дека не е добро да не се прифати овој амандман. Ние како Парламентарна група ќе го пдоржиме овој амандман.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине минситре, да го слушнеме уште пратеникот Спиро Мавровски, па после ќе одговорите.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Почитуван минситре,

Еве, се разви една дискусија и дебата за ова што значи пластични маси и висина на надоместоците.

За мене, апсолутно не се работи дали тоа ќе биде еден денар или половина денар. Ова што кажувате за развој на свеста на граѓаните, многу тешко. Како изрази, добро е да се употребуваат, но во овој момент многу тешко оди.

За ваше сознание, во моментов пластичните маси се барани и многу повеќе отколку што некој мисли тука или претпоставува и цената е доста зголемена, посебно за овие кои произведуваат шишиња, затоа што ги нема, а побарувачката е голема. Тоа е прво.

Значи, со еко-таксата, ако ја подигнете, дали е подготвено Министерството и Владата на Република Македонија и ние комплетно како држава, наместо овие пластични кеси и најлони што се нудат на граѓаните, да почнеме да употребуваме книжни кеси што ќе бидат сто пати поскапи и се во моментот и дали сте спремни тоа да го направите? Затоа што добро кажавте и за најмала работа, за весник, добивате кеса. А, дали ќе добиете книжна кеса, тоа е веќе прашање. Тоа е првата работа.

Значи, на вас останува една многу битна работа, што поскоро, час поскоро во Република Македонија да почнат да функционираат депонии. Такви ние, сеуште, немаме. Говориме за рециклажа, но ние уште немаме депонии каде што ќе биде одделена пластиката од хартијата, од железото. Тоа не функционира.

Ние говориме за нешто што ќе биде во Југозападниот регион, за нешто што ќе биде во Источниот или во Западниот регион на Македонија, но за жал, поминувајки сега низ Република Македонија гледаме само ѓубришта на сите страни. Ги гледаме сите оние пластики по цела држава и, ако е тоа еко-свеста и дека, ако го покачиме ова за 10 денари или 20 денари ќе престанеме со производствоот, апсолутно не го решаваме проблемот.

Стратешки, ваша заложба, ова што кажувате дека Фондот е укинат, тој Фонд и вашето Министерство од говина во година се кратат во средствата и тоа е најстрашното што се случува. Со законите сме најблиску до Европската унија, но се останато не враќа назад. За жал, вклучувајки ја и оваа ситуација тука.

Затоа, треба да изнајдеме решение што ќе ги задоволи сите. Во овој момент мислам дека не е основниот проблем пластиката. Имаме многу поголеми проблеми.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски вие одржавте едно предавање. Не зборувавте за амандманот. Но, нема проблем.

Повелете господине минситре имате збор.

**Зоран Шапуриќ:** Најпрво би кажал дека Министерството, во соработка со Меѓународната заедница изработува физибилити студија за отпад, а изградба на депониите е надлежност на Локалната самоуправа. И пред децентрализацијата, порано, само како појаснување, бидејки кажавте дека дискусијата на господинот Мавровски, точно претседателе, беше надвор од амандманот.

Би гокажал токму ова што го зборувавте господине Мавровски, дека со овие еколошки такси токму ќе се надмине тоа што го кажавте дека од година во година се намалуваат

средствата во Фондот, односно сега во Програмата за заштита на животната средина.

Инаку и господинот Рафис Алити и другите пратеници ги уверувам, морам да потенцирам дека 0,00904 дени или кажано во денари 0,0000904 денари по парче кеса, апсолутно не може да доведе во овој момент до затворање на фабрики или до некакво запирање на ова производство. Ова е само еден симболичен чекор. Јас ви кажувам дека сите студии покажаа дека треба 300 денари по килограм да биде кесата оданочена. Токму во разговорите со Комората, заедно со Министерството за финансии, дојдовме до ова решение 10 денари по килограм.

Инаку, оваа такса се однесува и за оние кои дома произведуваат пластични кеси односно и за оние кои ги увезуваат. Така што нема никаква можност законот да го дестимулира производството на кеси, визави, увозот.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Мислам да престанеме со нули, бидејки ако го помножиме тоа со десет на девета колку кеси може да се произведат во една година, ќе видиме колку е тоа пари.

Господине Ќахил повелете.

Премногу математиката ја мешаме овде. Помножете го тоа 0,00 со десет на девета, ќе добиете баајги денари.

**Аднан Ќахил:** Благодарам.

Би сакал да го подржам овој амандман од господинот Илија Китаноски и госпоѓата Силвана Бонева и мислам дека аргументите што ги дадоа држат. Затоа што, јас, во принцип, не сум против да се оданочуваат ваквите пластични маси, а и за тоа имам коментар зошто е тоа така направено, но очигледно не е направена претходна анализа што би значело како финансиски ефект, без систем што однапред може да рециклира супстанци, рециклира амбалажа, можност да се даде на фирми што ќе нарпават систем за рециклажа, се оди веднаш на оданочување, односно така како што се нарекува еколошка такса.

Всушност, во членот 165 имам принципиелна забелешка господине минситре. Овде, вие зборувате за пластични маси. А по препорака на Светската, обично има синтетички маси, а не за пластични маси. Имате супстанци што не се пластика, а се синтетика. Дали ќе се однесува за нив. Рака на срце, тие синтетички материјали сигурно се еколошки понездрави од пластични маси.

Не е направена дистинкција од што е нарпавена таа пластична амбалажа, па ако направите малку поподробна анализа, ќе видите дека пластичната амбалажа е полиамид, а дека другите шишиња се уште полоши компоненти што, според сите светски стандарди и препораки на светските здравствени организации се потоксични и полоши материјали. Вие, тука ги изедначувате.

Едноставно, прво не е направена анализа што значи претходна рециклажа за да може да создадете услови да се рециклираат тие собрани материјали. Кога би имале такво нешто, очигледно дека не би имало потреба од донесување на ваков закон.

Второ, што со тие договори, увозно-извозни договори, ангажмани на сите тие луѓе кои донеле работа, произведуваат, имаат машини што произведуваат и амбалажа и амбалажа за пакување и амбалажа за сокови и т.н. Едноставно велите, аха овие ќе ги оданочиме толку, а другите помалку, без да се води сметка за тоа.

Само да ви кажам еден пример. Некни еден форум имаше, ако некој ви каже најлон кеса, вие треба да кажете "не, благодарам", туку ќе земете платнена кеса, ќе побарате таква кеса или ќе купите. Без да се води сметка дека таа платнена кеса што се нуди и таа е од синтетички материјал, направена од полиестер. Значи, бегаме од пластична маса, а на луѓето им се нуди исто така синтетичка материја. Но, исто така не велите "гума за кола-не благодарам" или друг синтетички материјал "не благодарам". Би требало да има една посеопфатна анализа што значи во даден момент пластична маса или синтетичка маса.

Овде, самиот поим пластична маса е погрешно толкуван. Ако некој увезува под поим, а светот така произведува, синтетички маси, по полимери и т.н. и т.н., сигурно нема да биде во категорија, а ќе биде потоксична, полоша и во однос на животната средина, но едните ќе бидат оданочени со 10 денари, а другите со 0,0 или други категории или пак нема да бидат оданочени.

Едноставно, овој амандман се предлага, но недостасува една нивелација во даден момент во однос на тоа што вие предлагате за пластични маси. Правењето разлика, ад хок разлика без претходна анализа, укажува дека во однос на пластичните маси, како што вие велите, анализата не е добро направена и треба законите да се даваат поконцизни, законски решенија затоа што имаме препораки и од Светската здравствена организација и од еколошки институции од Европа и Светот дека треба со нив поинаку да се постапува.

Мислам дека ова, ако не го прифатите, одговорноста во однос на другите синтетички материјали што ќе се увезуваат, ќе биде ваша.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Колеги пратеници,

Ве молам да дискутираме за амандманите конкретни. Овде се бројки и цифри, а во расправата по текстот на законот, бидејки таму дискутираме и општа расправа, секој кажете го ова што сега сакате да го кажете. Затоа ве молам конкретно за амандманот. Тука се бројки, цифри, нули и т.н.

Повелете господине Китаноски.

**Илија Китаноски:** Благодарам господине претседателе.

Јас повторно за бројки и цифри, но навистина не навлегувајки во намерата, во добрата намера. Намерата, на крајот на краиштата и не е важна, носиме закон и намерата да е најдобра, не мора да значи дека ќе се постигне добар ефект.

Ќе повторам. Ако веќе одиеме со таа аналогија што ја кажа господинот министер, тогаш едно парче, бидејки 6 денари за 1000 парчиња се плаќа давачка за дволитарски празни пластични шишиња. Кажано едноставно, народски. Колку тоа едно шише ја оптоварува цената? Значи, 0,0006 денари. Ако е намерата да производителите ги натераме да флашираат, односно да купуваат стаклена амбалажа, со ова апсолутно нема да ги натераме, бидејки производителите на оваа амбалажа, воопшто, со овој надоместок што ќе го плаќаат, воопшто нема да бидат оптоварени, за разлика од производителите на онаа амбалажа што ја завиткува таа амбалажа и без која не оди продажбата и транспортот и трегер-кесите, еве нека се и тука, што се оптоваруваат, повторно ќе кажам, сто пати повеќе. Не еднаш, не пет пати, не десет, туку сто пати. На што се должи таа разлика? Тоа и целта на амандманот. Едноставно се ставаат во различна позиција производители на пластични маси и се губи целта на законот.

Ако целта на законот е да се стимулира односно да се дестимулира употребата на пластичните маси, еден тип на производи од пластични маси ги дестимулираме и тоа со драстично зголемување на давачката, а другите буквално ги стимулираме, затоа што таа давачка во однос на оваа е сто пати помала.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот и ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги замолувам пратениците кои што се во Собранието да влезат во салата.

(Пратеници влегуваат во салата)

Ги замолувам пратениците кои што се во Собранието да влезат во салата.

(И понатаму во салата влегуваат пратеници)

Благодарам.

Сега во салата се присутни 63 пратеници.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеника, 18 за амандманот, 8 воздржани, 29 против амандманот.

Во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 188 став 4, поднесен од Комисијата за транспорт и врски.

Господине министре, и со овој амандман се согласил повереникот на Владата, а вие рековте дека таму бевте.

**Зоран Шапуриќ:** Имавме две расправи во врска со законот на Комисијата. Инаку амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 204 став 6, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

**Зоран Шапуриќ:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 221 ставови 1 и 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

Повелете.

**Зоран Шапуриќ:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 222, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Шапуриќ.

Повелете.

**Зоран Шапуриќ:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на насловот на член 226, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер.

**Зоран Шапуриќ:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на насловот на член 227 и на член 227, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер.

**Зоран Шапуриќ:** Овој амандман инаку е последен од Законодавно-правната комисија, се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Овој амандман и онака е последен од сите амандмани.

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ве молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не е пријавен за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(Пратениците од опозицијата бараат збор и реагираат од место)

Јас гледам овде дека таму беше празно, јас читам минута-две, таму беше празно.

(И понатаму пратениците на опозицијата реагираат од место)

Гласале 46 пратеници, 40 за, нема воздржани, 6 гласале против.

Молам, да се утврди бројот на присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Во салата, во моментот на гласањето беа присутни 63 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за животна средина.

(Пратениците од опозицијата и понатаму реагираат)

Господа пратеници, можеме правилата на игра да ги воспоставиме.

Бидејќи имате овде екран кој е празен не е точно. Јас сценариото го прочитав, еве сега стоперицата ќе ја вклучам.

Повелете.

(И понатаму пратениците на опозицијата реагираат)

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

Точно 10 секунди, тоа беше празно горе, јас гледав овде. Според тоа бидејќи јас реков дека нема повеќе пријавени за збор, а за 10 секунди се пријавуваат 100 души истовремено.

(Пратениците на опозицијата и понатаму реагираат од место)

Ќе го добиете.

**Минуваме на точка 10 - Предлог на закон за парничната постапка.**

Подносител е Владата на Република Македонија, Министерство за правда.

(Процедурално бара збор господинот Макрадули)

Процедурално, господине Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Бидејќи нема претставник од Министерството за правда ќе преминете на новата точка, или ...

**Љупчо Јордановски:** Министерството за правда е известено, бидејќи нема претставник ќе поминеме на нова точка, не можеме да даваме паузи.

(Реакција на пратениците во салата)

Пауза од 15 минути, за да се објасниме.

(Пауза од 16,50 часот).

(По паузата)

(Седницата продолжи со работа во 17,05 часот).

**Љупчо Јордановски:** Ги известувам сите пратеници што се во салата и во просториите на Собранието дека бидејќи не обезбедивме претставници на Владата по ниедна следна точка, тука ја завршуваме денешната седница.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,06 минути)